ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“ ПРИЛЕП

01 2023 10 03

Скопје, февруари 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп, за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп за 2022 година, утврдени се следниве состојби:

- реконструирање и изградба на локални водоводни и канализациони инсталации без проектна документација и издадено одобрение за градба;
- недефинирање на должничко доверителски односи со сите корисници на услугите и нереално согледување на основот на побарувањата и нивно вредносно усогласување;
- утврдени неправилности во начинот на пресметка, исплата и евиденција на платите и надоместоците на вработените;
- неутврден надоместок за издавање на мислење за хидротехнички услови за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот и канализационен систем;
- не воспоставена единица за внатрешна ревизија, не донесени пишани процедури за активностите поврзани со економските операции и невоспоставени внатрешни контроли при утврдување на потрошената вода за пиење;
- неправилности во однос на техничките спецификации при спроведување на постапките за јавни набавки.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува за искажаните обврски на јавното претпријатие на крајот на 2022 година по основ на надоместок за користење на води спрема Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од 15.925 илјади денари.

Во делот на клучни прашања ревизијата известува за значителното отстапување на количината на приходуваната вода во однос на произведена. Имено, 56,89% од вкупната влезна количина на вода во водоснабдителните системи изразена во $м^3$ е нефактурирана што има за ефект помалку остварени приходи на јавното претпријатие, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода, кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во делот на Останати прашања, ревизијата смета за потребно да укаже на потребата за поголемо ангажирање на јавното претпријатие и основачот Општина Прилеп, во насока на комерцијализација на технолошкиот отпад и произведениот метан при пречистување на урбаните отпадни води, со што би се подобрила рентабилноста на претпријатието.

Во текот на ревизијата од страна на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија, кои имаат за ефект намалување на Билансот на состојба за 4.597 илјада денари.

Од страна на законскиот застапник на субјектот ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 13 |
| 5. Клучни ревизорски прашања | 14 |
| 6. Останати прашања | 17 |
| 7. Законска основа за ревизијата и временски период | 20 |
| 8. Опфат и ограничувања | 20 |
| 9. Одговорност за финансиски извештаи | 21 |
| 10. Одговорност на ревизорите | 21 |
| 12. Недостатоци во внатрешната контрола | 23 |
| 13. Корекции во текот на ревизијата | 24 |
| 14. Одговор на ревидираниот субјект | 24 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | |
| Биланс на успех | 25 |
| Биланс на состојба | 26 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 27 |
| Извештај за паричниот тек | 28 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 29 |
| Сметководствени политики | 33 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 38 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија |
| АОП | Автоматска обработка на податоци |
| В.Д. | Вршител на должност |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МСФИ | Меѓународен стандард за финансиско известување |
| МСЕ | Мали и средни ентитети |
| МФ | Министерство за финансии |
| УО | Управен одбор |
| ЦРРСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-177/1
Дата: 31.01.2024

## 1. Вовед

Јавното комунално претпријатие „Водовод и Канализација“ Прилеп е јавно претпријатие од јавен интерес кое врши собирање, обработка и снабдување со вода за пиење, одржување и реконструкција на водоводната мрежа, отстранување на отпадни води, одржување и реконструкција на фекална и атмосферска канализациона мрежа и други комунално-стопански дејности во урбаната заедница на град Прилеп. До 11 декември 2003 година, претпријатието е во рамки на ЈКП „Комуналец“ Прилеп како работна единица, кога по Одлука[1] на Совет на Општина Прилеп се издвојува од составот на ЈКП „Комуналец“ Прилеп и согласно Одлука[2] на основачот е регистрирано во трговскиот регистар на Основниот суд во Битола како посебно правно лице, Јавно комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Прилеп, со скратен назив ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп со седиште на улица Питу Гули број 6, Прилеп. Претпријатието, активно започнало со работа на 01 јули 2004 година и во платниот промет настапува во свое име и за своја сметка, а за извршените и преземени обврски со трети лица, одговара со сиот свој имот.

ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, со сурова вода се снабдува од  Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица и има надлежност за одржување на изградена вкупно 254,27 км водоводна мрежа, односно во град Прилеп 180,54 км, а останатите 73,73 км водоводна мрежа се во 21 населено место во рамките на Општина Прилеп, фекална канализациона мрежа со должина околу 170 км и околу 60 км атмосферска мрежа.

Претпријатието поседува дозвола[3] за користење на вода, со која се стекнува со водно право за зафаќање и користење на вода од Старите градски извори за снабдување на вода на град Прилеп, лоцирани на подрачјето на речен слив Вардар.

[1] Odлука на Совет на Општина Прилеп со број 02-675/1 од 11.12.2003 година
[2] Одлука број 07-1649/2 од 16.12.2003 година
[3] Дозвола за користење на вода број УП1-11/5-928/2022 од 14.04.2023 година

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 25 до 28 на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите и Извештај за паричниот тек за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и објаснувачките белешки кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп, за 2022 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во сметководствената евиденција, односно трговските книги и финансиските извештаи на 31.12.2022 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачи во вкупен износ од 112.935 илјади денари.

Структурата на побарувањата е прикажана на следниот график:




Од вкупните побарувања 31% се побарувања од физички лица, 12% се побарувања од правни лица и 57% спорни и сомнителни побарувања. Побарувањата по основ на продажба на вода и услуги од правни лица се со следната старосна структура: 5.178 илјади денари се побарувања со старост од една година, 4.187 илјади денари се со старост од 1-3 години и 234 илјади денари се со старост над 3 години. Претпријатието, како можност за наплата на побарувањата кои не се платени во законски пропишаниот рок од 3 години преземало активност на утужување на правни лица за износ од 4.028 илјади денари, согласно член 360 и 364 од Законот за облигационите односи.

Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата ги констатира следниве состојби:

- по основ на продажба на вода и услуги, ненаплатени а утужени побарувања се во износ од 413 илјади денари од правни лица и самостојни вршители на дејност кои се избришани од евиденција во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и 1.122 илјади денари од граѓани, физички лица кои се починати, за кои не постои можност за нивна наплата. Претпријатието не преземало активности за нивно вредносно усогласување.
- евидентираниот износ од 64.217 илјади денари на спорни и сомнителни побарувања се однесува за утужени побарувања по основ на продажба на вода и услуги од физички лица проценети на износ од 62.006 илјади денари и 2.211 илјади денари по основ на побарувања од правни лица за кои е отворена стечајна постапка. Структурата на побарувањата од физички лица според рокот на утужување, евидентирани на спорни и сомнителни побарувања е следна: 139 илјади со рок од 1-3 месеци, 577 илјади денари со рок од 4-6 месеци, 2.529 илјади денари со рок од 7-12 месеци, 7.359 илјади денари со рок од 1-2 години и 51.402 илјади денари со рок над 2 години. Имајќи во предвид дека согласно одредбите на член 360, 362 и 368 од Законот за облигационите односи, општиот рок на застареност на побарувањата за кои е добиена правосилна судска одлука е 5 години, постои голем ризик износот од 51.402 илјади денари да не се наплати.

Структурата на ризични побарувања во вкупните побарувања е прикажана на следниот график.



Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Оддел 23 точка 27 од МСФИ за МСЕ кој пропишува дека доколку не постои веројатност за наплата на износот што е веќе признат како приход, ентитетот го признава ненаплатлливиот износ како расход наместо како исправка на износот на приходот, што има за резултат необјективно искажување на побарувањата од купувачите и трошоците на работење во финансиските извештаи за 2022 година.

Препорака:

Одговорните лица во претпријатието да преземат активности за:

- навремена наплата на побарувањата;
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување.

3.1.2. Материјалните средства со 31.12.2022 година се проценети со вредност од 1.360.536 илјади денари, со структура од 0,5% земјишта, 60,95% градежни објекти, 19,61% постројки и опрема, 18,90% алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел и 0,04% материјални средства во подготовка.

Со извршениот увид во деловните книги и сметководствената документација како и во начинот на проценување на билансните позиции и утврдување на нивната вредност, ревизијата утврди дека не е извршено разграничување на нематеријалните средства, односно вредноста на набавените софтвери, патенти и лиценци е евидентирана на сметките од групата Материјални средства, наместо на соодветните сметки на групата Нематеријални средства. Ваквото постапување како резултат на минати години, не е во согласност со член 2 од Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план и точка 1 и 2 на МСС 38 и Оддел 18 од МСФИ за МСЕ со кој се пропишува сметководството и обелоденувањето на нематеријалните средства и има влијание врз реалното проценување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Препорака:

Надлежните служби во претпријатието да преземат мерки и активности за разграничување на вредноста на средствата на компјутерската опрема - хардвер, софтвер и лиценци и да воспостават евиденција на нематеријални средства.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со Програма за работа и развој и финансиски план на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп за 2022 година донесена од Управниот одбор и потврдена од основачот, се планирани активностите на претпријатието за реконструкција на водоводни и канализациони инсталации, како и изворите и висината на потребните средства за таа намена.

Со ревизија на документацијата за изведување на градежните работи кои се предвидени со програмата за 2022 година, а се однесуваат на изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациони системи во градот и во населени места во општината, за кои во 2022 година се исплатени 15.536 илјади денари, го утврдивме следното:

- водоводните и канализациони инсталации, кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби, се без обезбедено одобрение за реконструкција, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење;
- за изведените градежни активности, за кои во 2022 година се исплатени средства, претпријатието не обезбедило проекти изработени од избраните економски оператори. Ваквата состојба не е во согласност со член 13 став 2 и член 15 од Законот за градење каде е уредено дека, инвеститорот е должен проектирањето за изградбата на градби, да го даде на правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот, односно се регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на соодветна дејности и поседуваат лиценца за проектирање;
- доставените времени ситуации за извршените работи, заедно со градежна книга и градежен дневник се одобрени од вработено лице во јавното комунално претпријатие со овластување на надзорен инжињер, што не е во согласност со одредбите на член 34 од Законот за градење, со кои се пропишани условите за добивање на лиценца Б за надзор на правното лице и
- по завршување на инвестиционите работи водоводните и канализациони инсталации се пуштени во употреба без одобрение, односно извештај за извршен технички преглед од надзорен инжињер во кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба. Ваквото постапување не е во согласност со одредбите на член 87 став 1 од Законот за градење, во кои е уредено дека градбата ќе се стави во употреба по издавање на одобрение за употреба, по завршен извештај на надзорен инжињер со кој е потврдено дека градбата е изградена согласно со основниот проект и одобрението за градење.

Ваквиот начин на работење, не дава можност реално да се утврди висината на средствата според потребите и создава ризик од несоодветна проценка на вредноста за изведување на работите, а необезбедените документи потребни за градбите во кои инвеститор е претпријатието го оневозможува и нивното правилно евидентирање во јавната книга на недвижности, што има за ефект нереално прикажување на имотната состојба на претпријатието.



Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Илија Игески“

Препорака:

Директорот да преземе мерки и активности за:

- планирањето на градбите, реконструкциите и нивната изведба да е врз основа на проектна документација и издадено одобрение за градба, односно реконструкција и
- вршење надзор над изведените работи согласно законските прописи.

3.2.2. Со 31.12.2022 година евидентирани се трошоци во износ од 90.485 илјади денари за плата и надоместоци од плата за вработените кои во ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Со извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- начинот на пресметка и исплата на плата е уреден со Правилник[4] за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп и Одлука[5] за измена и дополна на Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, кој согласно важечката законска регулатива во делот на основната компонента на плата за ниво на кое се распоредени, се вреднува со број на бодови за секое ниво, а вредноста на бодот изнесува 81 денар во бруто износ, утврдена по Одлука[6] на Управниот одбор и добиена согласност[7] од основачот. Претпријатието при пресметка на платата применува нето концепт, со примена на вредност на бодот од 55 денари во нето износ, што не е во согласност со Известување[8] од Министерство за финансии и прилог Упатство за примена на концептот на пресметка и исплата на бруто плата на вработените во институциите и буџетските корисници. Со ваквиот начин на постапување, ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп за 3,64% ја надминало вредноста на бодот во бруто износ утврдена од Управниот одбор и основачот и неосновано исплатила повеќе износ од 2.680 илјади денари за плата и надоместоци од плата на вработените во 2022 година;
- на дел од вработените, во континуитет им се исплатува работна успешност до 30%, на предлог на непосредниот раководител одобрено од директорот, без примена на критериуми и поткрепувачка документација за определената работна успешност и решение за зголемување на основната плата по основ на работна успешност, што не е во согласност со одредбите на член 31 од Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, со кој е предвидено исплатата на работна успешност да се врши месечно врз основа на домаќински однос кон работата, обемот и квалитетот на извршената работа со примена на утврдени критериуми;
- од месец јануари 2019 година до денот на ревизијата, јавното комунално претпријатие врши исплата на додаток на плата по основ на прилагодување кон пазарот на труд, без одобрение на Управниот одбор со кое се потврдува оправданоста за постоењето, критериумот и условите за исплата на овој додаток. Исплатата на вработените со статус административни службеници и даватели на јавни услуги на

[4] Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп број 02-90/2 од 30.03.2022 година;
[5] Одлука број 02-131/3 од 27.04.2022 година;
[6] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп број 02-310/3 од 20.12.2021 година;
[7] Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп број 09-3200/13 од 29.12.2021 година;
[8] Известување од МФ број 13-3000/1 од 28.01.2009 година

надоместокот се врши селективно, во различни износи од 1.500 до 3.500 денари, за што во 2022 година по овој основ исплатени се 2.281 илјада денари. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 11 и член 13 од Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања, со кои е утврдено дека вработените имаат право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на труд по одобрено барање од управниот одбор, засновано на анализа дека платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на вработените кои ги извршуваат истите работи.

Констатираните состојби во делот на интерните акти и начинот на пресметка на плата доведува до отстапување на платите утврдени за административните службеници и давателите на јавни услуги на територијата на Република Северна Македонија.

Препорака:

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за усогласување на начинот на пресметка на плата со Правилникот на плати и важечките законски прописи.

3.2.3. Со увид на начинот на утврдување на приходите и вршење на услугите, ревизијата утврди дека ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, како надлежен субјект за водоводна и канализациона инфраструктура, согласно одредбите од член 59-в став 3 од Законот за градење[9] по барање за одобрение за градба од инвеститор врши увид на основниот проект, доставува мислење, односно потврда дали објектот може да се приклучи на водоводниот и канализационен систем и дава мислење во случај кога основниот проект не содржи хидротехнички услови за приклучок на објектот на водоводна и канализациона инфраструктура.

За извршените услуги, јавното комунално претпријатие не пресметува и не наплатува надоместок, што не е во согласност со член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води[10], со кој е пропишана обврска давателот на услугата да утврди надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот и канализациониот систем, чија висина зависи од големината на водоводниот, односно канализациониот приклучок, трошоци за приклучување,

[9] („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22)

[10] Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 31/16

хидротехничките услови и друго, потврдена со согласност од основачот, односно Совет на Општина Прилеп.

Ваквиот начин на работење има за ефект ангажирање на ресурси во средства и луѓе, иако претпријатието не остварува приходи по овој основ.

Препорака:

Надлежните органи во претпријатието со основачот да преземат мерки и активности за утврдување на надоместок за хидротехничките услови за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот и канализациониот систем.

3.2.4. Согласно член 5 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, пропишана е обврска за јавните комунални претпријатија да склучуваат договори со корисниците за услугите кои ги вршат.

Со извршениот увид во склучените договори утврдивме дека од вкупно 25.634 корисници, до денот на известување за ревизијата ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп има склучено договори за уредување на меѓусебните права и обврски со 52,12 % од вкупниот број на корисници, односно со 13.361 корисници.

Непочитувањето на законските одредби и недефинирање на должничко доверителски односи може да предизвика отежната наплата на извршените услуги и да претставува тешкотија за непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.

Препорака:

Надлежните органи на раководење и управување во претпријатието да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите.

3.2.5. Со Правилникот[11] за систематизација на работните места и Правилникот[12] за внатрешна организација, ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп нема предвидено единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со одредбите од член 30 став 2 и член 31 став 1 алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кои е пропишано дека јавното претпријатие задолжително основа единица за внатрешна ревизија со

[11] Правилник за систематизација на работни места на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп бр.01-47/3 од 27.01.2022 година;
[12] Правилник за внатрешна организација на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп бр. 01-47/2 од 27.01.2022 година.

најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку неговиот просечен финансиски план во последните три години изнесувал најмалку 50 милиони денари.

Отсуството на внатрешна ревизија не обезбедува независно, разумно и објективно уверување и насоки за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во насока на остварување на планираните цели.

Препорака:
Надлежните органи на претпријатието да преземат активности во однос на систематизирање на единица за внатрешна ревизија во Правилникот за систематизација на работните места и нејзино функционирање.

Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп за 2022 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Вкупната вредност на доделените договори за јавни набавки спроведени во 2022 година изнесува 118.583 илјади денари без вклучен ДДВ, а за 2021 година чија реализиацијa е во 2022 година изнесува 29.435 илјади денари без ДДВ.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 48 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 32 постапки се спроведени во 2021 година и 16 постапки во 2022 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки од 2022 година изнесува 40.130 илјади денари без вклучен ДДВ, односно 34.734 илјади денари по доделените договори за јавни набавки за 2021 година со реализација во 2022 година. Ревидираните јавни набавки во 2022 година се реализирани во вкупен износ износ од 27.283 илјади денари со ДДВ.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Од извршената анализа, ревизијата констатира дека Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, во текот на годината бил менуван и дополнуван 2 (два) пати, односно со првичниот план предвидени биле 146 постапки, а со последната измена и дополна 147 постапки, што претставува 0,68% зголемување, а спроведени од последната измена на планот се 64,63% од предвидените постапки.

3.2.6. Со увид во спроведените постапки за набавка на работи за реконструкција на водоводни и канализациони инсталации во 2022 година ревизијата констатира дека врз основа на изработена предмер пресметка каде се утврдени позициите, активностите, спроведена е јавна набавка[13] со проценета вредност од 25.000 илјади денари без ДДВ. Во постапката се добиени 3 понуди и по спроведена е-аукција склучен е договор[14] со најповолниот економски оператор. Во предмер пресметката, составен дел на тендерската документација не се утврдени количините за одделните позиции, активности кои треба да се реализираат, што не е во согласност со член 39 став 7 од Законот за јавни набавки кој предвидува, проценетата вредност на договорот за јавна набавка на работи да се одредува така што се земаат трошоците за изведување на градежните активности и вкупната проценета вредност на сите стоки и услуги кои се неопходни за извршување на договорот и кои му се ставени на располагање на изведувачот од страна на договорниот орган. Без да бидат утврдени количините за секоја позиција, активност не може да се утврди вредноста на набавката, што не дава уверување како претпријатието ја утврдило проценетата вредност на набавката.

Предмет на договорот е реконструкција на водоводни и канализациони инсталации на град Прилеп, во износ од 18.332 илјади денари со ДДВ, кој заклучно со 31 декември 2022 година е реализиран во износ од 15.384 илјади денари .

Ваквиот начин на работење, не дава можност реално да се утврди висината на средствата според потребите и создава ризик од несоодветна проценка на вредноста на набавката за изведување на работите.

Препорака:

Директорот да преземе мерки, описот на предметот на јавната набавка кој е содржан во техничките спецификации да биде проследен со потребната проектна документација и проценети количини за реално утврдување на вредноста на набавката.

[13] Бр.01453/2022 од 08.02.2022 година
[14] Бр.05-17/1-3/8 од 14.03.2022 година

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Со одредбите на член 213 и 214 од Законот за водите, предвиден е надоместок за користење на вода наменета за консумирање од страна на луѓето, 2% од утврдената цена на метар кубен вода, а за испуштање на отпадни води 1% од утврдената цена на давателот на услугата.

Обврзник за плаќање е секое правно и физичко лице кое користи вода или испушта непречистени отпадни води, а надоместоците ги пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води.

Овие надоместоци се прикажуваат посебно на сметката за извршената услуга и се наплаќаат од правните и физички лица, корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати во Буџетот на РСМ.

Во сметководствената евиденција на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп со состојба на 31.12.2022 година, искажани се обврски спрема Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од 15.925 илјади денари по основ на пресметан надоместок за користење на води наменета за консумирање од страна на граѓаните за период од 2009 година до 2022 година.

Надоместокот за испуштање на отпадни води е приход на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, наменет за функционирање и одржување на пречистителната станица за отпадни води во Општина Прилеп, согласно одредбите на член 7 од Договор[15] склучен со Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Општина Прилеп и ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп и член 214 став 7 од Законот за водите со кој е пропишана обврска за плаќање на надоместокот за испуштање на отпадни води на правно или физичко лице кое нема уреди за одведување и пречистување на отпадни води или испушта непречистени отпадни води.

Ненавременото подмирување на обврските по основ на надомест за користење на води, има за ефект помалку остварени средства во буџетот на Република Северна Македонија.

[15] Договор за функционирање и одржување на пречистителна станица за отпадни води во Општина Прилеп број 03-487/1 од 09.10.2008 година

## 5. Клучни ревизорски прашања

5.1. ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп ги снабдува со вода за пиење жителите на град Прилеп и жителите на 21 населено место на територијата на Општина Прилеп, со вода се снабдува од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица. Во сушниот период кога издашноста на изворот Студенчица е намален, го ублажува недостигот на вода со активирање на старите 27 сопствени бунари, како и четирите Стари градски извори кои се наоѓаат во околината на градот Прилеп. Зафаќањето на водата се врши врз основа на Дозвола[16] издадена од МЖСПП.



хлорна станица Песјо Брдце

Од извршениот увид во доставената документација, ревизијата констатира дека производството на вода во 2022 година изнесува 7.218.274 м$^3$ и во однос на 2021 година бележи намалување за 6,79% (7.744.022 м$^3$).

Фактурирана вода во 2022 година изнесува 3.112.108 м$^3$ што претставува намалување од 7,20% во однос на 2021 година (3.353.537 м$^3$).

На следниот графикон прикажана е количината на произведена и приходувана вода во текот на 2022 година изразена во м$^3$.

[16] Дозвола за користење на вода број УП1-11/5-928/2022 од 14.04.2023 година




При анализа на состојбите во утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода, утврдивме дека приходите по овој основ се нецелосни, бидејќи количината на произведената испорачана вода значително отстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците. Во водоснабдителниот систем во 2022 година, испорачани се 7.218 илјади $м^3$ вода за пиење, а фактурирани се 3.112 илјади $м^3$ вода за пиење, што претставува 43,11% фактурирана количина во однос на испорачаната, односно регистрирана е загуба на вода од 56,89%. Регистрираните загуби на вода во водоснабдителниот систем генерално се делат на технички, комерцијални и загуби предизвикани од комунална потрошувачка.

За констатираните загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода на годишно ниво за период од 2013 до 2022 година.




Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испораჩаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи на претпријатието, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.

Во периодот од 2013 до 2022 година процентот на неприходувана вода бележи циклично намалување и зголемување, но сепак се движи околу 56%. Јавното претпријатие во 2017 година преку проектна активност со консултанти има изготвено Студија за загубите на вода, врз основа на која преку годишните оперативни програми и одобрени финансиски планови, ги следи загубите на вода, и презема мерки и активности кои ќе придонесат за намалување на загубите на вода.

Истакнуваме дека надлежните лица на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп треба да ги интензивираат мерките и активностите за анализа на состојбата, согласно Студијата, преку донесување и реализација на планови за минимизирање и отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем и реализирање на мерки за активна контрола на загубите на вода.

## 6. Останати прашања

Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Прилеп е основано за вршење на дејности од комуналната област која е од јавен интерес со основна, претежна дејност 41.0 -Собирање, пречистување и дистрибуција на вода.

Во рамки на Општина Прилеп, односно град Прилеп и околните населени места постои одвоена околу 60 километри атмосферска и 170 километри канализациона мрежа, со која администрира, односно ја одржува ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп. За да се исполни основната цел, односно пречистување на отпадните урбани и индустриски води, изградена е станица за пречистување на отпадни води на површина од 7 хектари, на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, место викано Крива Река, КП бр. 3177/1, КО Прилеп, запишани во Имотен лист бр. 64276, чиј корисник е Министерство за животна средина и просторно планирање. Изградбата започнува на 23 јуни 2014 година, а официјално е пуштена во употреба на 31 мај 2018 година. Паралелно со изградба на пречистителната станица се врши санација на канализационата мрежа во две фази и тоа прва фаза од 2013-2016 и втора фаза во периодот од 2015-2017 година. На Министерството за животна средина и просторно планирање, со Одлука[17] на Влада на Република Северна Македонија му престанува користењето на недвижните ствари-објекти, (пречистителна станица) и истите се даваат на трајно користење без надоместок на Општина Прилеп.

Совет на Општина Прилеп, со Одлука[18], недвижниот објект (пречистителна станица), го отстапува на управување и стопанисување на Јавното комунално претпријатие “Водовод и канализација“ Прилеп, кое поседува дозвола[19] за испуштање на третирани отпадни води.

[17]Одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Прилеп број 44-10446/1-18 од 22 јануари 2019 година;
[18]Одлука за отстапување на недвижен имот на управување и стопанисување на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп број 09-531/2 од 07.02.2019 година;
[19]Број УП1-11/5-676/2019



Пречистителна станица-Крива река, општина Прилеп

Капацитетот на пречистителната станица е 95 илјади еквивалент жители. Влезната отпадна вода (инфлуентот) се пречистува со соодветни физички, хемиски и биолошки третмани. Процесот на пречистување на отпадните води се одвива во 3 последователни чекори и тоа:

- Предтретман,
- Примарен третман и
- Секундарен третман.

На крајот на процесот излезната вода (ефлуентот) по квалитет ги задоволува карактеристиките пропишани со законската регулатива на Република Северна Македонија, а кои се во усогласеност со најстрогите ЕУ Директиви[20] за третман за урбани отпадни води.

Функционирањето и одржувањето на станицата за пречистување на отпадни води, согласно член 7 точка 1 и точка 2 од Договорот[21] е одговорност на ЈКП “Водовод и канализација“ Прилеп, кое треба да обезбеди средства од наплатената тарифа за отпадни води.

При процесот на пречистување на отпадните води согласно трите последователни чекори се создава тврд отпад и песок, мил тиња и метан. Тврдиот отпад со песокта, како и мил тињата, односно милот на сушни полиња, ЈКП „Комуналец“ Прилеп го изнесува на депонија Алинци согласно утврдените цени, изготвува фактура за извршената услуга. Често за време на обилните врнежи и поплави се случува

[20] 91/271/ЕЕЦ;
[21] Договорот за функционирање и одржување на пречистителната станица за отпадни води во Општина Прилеп, Република Македонија број 03-487/1 од 09.10.2008 година.

количеството на песок во отпадните води да биде во големо количество, и истиот предизвикува почести дефекти на пумпите. Во тек се подготвува проектна документација за изработка/набавка на таложник кој ќе биде поставен пред влезната шахта на пречистителната станица, со кој ќе се намалат количините на песок во отпадните води кои се предмет на прочистување.



мил на сушни полиња



резервоар за складирање на метан

Отпадната мил тиња, е технолошки отпад резултат на третманот на отпадните води кои влегуваат во пречистителната станица, се дехидрира со помош на полимер, а потоа се носи на сушни полиња. Имајќи го во предвид сложениот процес на пречистување на отпадните води, пречистителната станица е голем потрошувач на електрична енергија (за 2022 година 25.278 илјади денари), а при прочистување на отпадните води има продукција на метан, истиот може да се користи за гориво на котлара или пак да се користи како погонско гориво на КО-генератор за производство на електрична енергија за сопствените потреби на станицата, со што би се намалиле трошоците и би се овозможило економично и рентабилно работење на пречистителната станица. Произведените количини на метан, во анаеробен процес кој се одвива во дигестори, привремено се складираат во резервоар за гас, истиот не е компресиран и како таков не може да се користи на пумпна станица. Исто така можноста технолошкиот отпад, односно третираната мил тиња да се користи како природно ѓубриво или како био гориво во централите, дополнително би ја зголемило економичноста во работењето на пречистителната станица. Засега истиот како отпад се исфрла на депонија за кој се плаќаат средства на ЈКП Комуналец Прилеп. Според извештаите на пречистителната станица за последните четири години третираните количини на отпадни води и создадените количини на мил тиња и тврд отпад и песок прикажани се на следниот график:




Истакнуваме дека надлежните лица и органи на ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп како и основачот на претпријатието треба да преземат мерки и активности во насока комерцијализација на технолошкиот отпад и произведениот метан при пречистување на урбаните отпадни води, со што би се подобрила рентабилноста во работењето на јавното комунално претпријатие.

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 19.09.2023 до 10.11.2023 година кај Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на директорот на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Прилеп, застапувано од:

- Игор Гулабоски, в.д. директр до 17.03.2022 година и директор од 18.03.2022 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Прилеп, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон

или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 11. Недостатоци во внатрешната контрола

11.1 Со извршената проверка на системот на внатрешни контроли во однос на приходите од комуналните услуги - собирање, обработка и снабдување со вода, отстранување на отпадни води и други комунални услуги (одржување на водоводниот и канализационен систем) кои ги извршува ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- не се донесени пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности на вработените вклучени во системите за утврдување и наплата на поодделните видови приходи и за текот на движење на документацијата и одобрување на истата од одговорните лица во соодветните сектори/одделенија и
- не се воспоставени внатрешни контроли за покривање на ризиците при утврдување на потрошената вода за пиење, врз основа на измерено, реално потрошено количество вода.

Наведените состојби не се во согласност со барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, односно Стандард 12 - Процедури, 13 - Поделба на должностите и 14-Надзор и создаваат ризик од некомплетност, не навременост и нецелосност на приходите по овој основ.

Препорака:

Надлежните органи на раководење и управување со претпријатието да преземат активности за:

- изготвување на пишани процедури за начинот на утврдување и наплата на приходите во секоја работна единица на претпријатието и за текот на движење и одобрување на документацијата и
- напуштање на паушалниот начин на утврдување на потрошеното количество вода од корисниците.

## 12. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Прилеп извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на сметката Активни временски разграничувања, во делот на Материјалните средства, кај Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел и Материјални средства во подготовка, Главнина и Сопствени акции и удели кај Капиталот и резервите, поради погрешна евиденција на евидентирани Сопствени акции и удели и Главнина без поткрепувачка документација и несоодветна евиденција на средства кои се во употреба.

Вкупниот ефект од извршените корекции е намалување на Билансот на состојба за 4.597 илјада денари.

Корекцијата е спроведена во налог разно книжење бр.ДД00043 од 01.11.2023 година.

## 13. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп одржан на ден 06.12.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на субјектот ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1 | 185.380 | 185.522 |
| Останати приходи | 3.2 | 69.616 | 62.159 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | 254.996 | 247.681 |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3 | 64.333 | 49.509 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 19.820 | 30.024 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 99.339 | 87.453 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 77.215 | 77.649 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 3.585 | 2.569 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | | - | 301 |
| Останати расходи | 3.8. | 2.493 | 799 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | 266.785 | 248.304 |
| Финансиски приходи | 3.9 | 4.059 | 4.528 |
| Финансиски расходи | 3.10 | 433 | - |
| **Загуба/добивка од редовно работење** | 3.11. | (8.163) | 3.905 |
| **Нето загуба/добивка** | 3.12. | (8.163) | 3.905 |

ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложенија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 8.220 | 10.232 |
| Побарувања од поврзани друштва | 4.2. | 101 | 222 |
| Побарувања од купувачи | 4.3. | 112.935 | 110.862 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.4. | 61 | 0 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.5. | 2.169 | 1.771 |
| Побарувања од вработените | 4.6. | 536 | 423 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.7. | (4.597) | 0 |
| Залихи | 4.8. | 52.186 | 50.922 |
| **Вкупно тековни средства** | | **171.611** | **174.432** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.9. | 271 | 720 |
| Материјални средства | 4.10. | 1.360.536 | 1.420.859 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.11. | 5.148 | 5.148 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1.365.955** | **1.426.727** |
| **Вкупна актива** | | **1.537.566** | **1.601.159** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 5.1. | 84 | 84 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.2. | 18.447 | 10.918 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 5.3. | 262 | 286 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 5.4. | 24.239 | 24.185 |
| Обврски спрема вработените | 5.5. | 7.700 | 7.204 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 5.6. | 1.118.648 | 1.177.536 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **1.169.380** | **1.220.213** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина-запишан и уплатен капитал | 6.1. | 10.028 | 0 |
| Запишана, а неуплатена основна главнина | 6.2. | 163.570 | 173.598 |
| Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка | 6.3. | 7.598 | 7.598 |
| Резерви | 6.4. | 35.742 | 35.742 |
| Акумулирана добивка | 6.5. | 159.411 | 156.463 |
| Добивка од тековната година | | 0 | 2.948 |
| Загуба од тековната година | 6.6. | 8.163 | 0 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **368.186** | **380.946** |
| **Вкупна пасива** | | **1.537.566** | **1.601.159** |

ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина-запишан и уплатен капитал | Сопствени акции и удели | Запишана, а неуплатена основна главнина | Ревалоризациони резерви | резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековна година | Загуба за тековна година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 јануари 2022** | | **4.597** | **173.598** | **7.598** | **35.742** | **156.463** | **2.948** | **-** | **380.946** |
| Задржана акумулирана добивка од претходна година | | | | | | 2.948 | (2.948) | | - |
| Загуба од тековна година | | | | | | | | (8.163) | (8.163) |
| Корекција на капитал | 10.028 | (4.597) | (10.028) | | | | | | (4.597) |
| **Состојба на ден 31. декември 2022** | **10028** | **-** | **163.570** | **7.598** | **35.742** | **159.411** | **0** | **(8.163)** | **368.186** |

| | |
|---|---|
| ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп | |
| | |
| | |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА | |
| | |
| | |
| | |
| | во 000 денари |
| | 2022/2021 |
| | |
| **Готовински текови од оперативно таботење** | |
| **Нето загуба по оданочување** | (8.163) |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| | |
| Амортизација | 77.215 |
| **Готовински текови од работење** | 69.052 |
| | |
| Побарувања од поврзани друштва | 121 |
| Побарувања од купувачи | (2.073) |
| Побарувања за дадени аванси | (61) |
| Побарувања од државни органи и институции | (398) |
| Побарувања од вработените | (113) |
| Залихи | (1.264) |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 7.529 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | (24) |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 54 |
| Обврски спрема вработените | 496 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | (58.888) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | 14431 |
| | |
| **Готовински текови од инвестиционо работење** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (16.443) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | (16.443) |
| | |
| **Нето зголемување на паричните средства** | (2.012) |
| | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | 10.232 |
| | |
| **Парични средства на крајот на годината** | 8.220 |

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор 

1. ________________________ ________________________
2. ________________________
3. ________________________
4. ________________________